Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на ден од дневни настани 02.02.2020

На 01.02.2020 во 17.00 часот во Градски парк во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Г.Г.(27) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.02.2020 во 02.00 часот на Граничен премин „Табановце" била лишена од слобода В.К.(28) од Р.Србија, поради непријавен престој во Р.С.Македонија. Лицето е предадено на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 02.02.2020 во 04.30 часот на кеј „Димитар Влахов" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Ј.П.(26) и А.К.(25), и двајцата од Дебар, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.02.2020 во 22.35 часот на бул.„Илинден", полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Т.М.(19) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.02.2020 во 23.10 часот на подрачје на Гази Баба, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Н.Ј.(23) од с.Стајковци, скопско, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 02.02.2020 во 01.15 часот во с.Слатино, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Х.Љ.(25) од с.Шемшево, тетовско, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.02.2020 во 00.30 часот на ул.„Новопроектирана" на подрачје на Ѓорче Петров, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Б.Д.(39) од с.Кондово, скопско, затоа што при извршен преглед кај него биле пронајдени пиштол калибар 7,62, со рамка за муниција и револвер „екол вајпер 4.5" и три патрони. За настанот е известен Јавен обвинител и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 01.02.2020 во 20.10 часот во Полициската станица Центар, А.П.(54) од Скопје пријавил дека на ул.„Блажо Тодоровски" бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

На 01.02.2020 во 17.30 часот во Полициско одделение Галате, Џ.И.(45) од с.Добридол пријавил дека на место викано „Вакеф", во с.Добридол, неговиот 14-годишен син бил каснат од куче скитник во пределот на десната потколеница.

СВР Велес поднесе кривична пријава против З.С.(44) во Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување на лиценца". На 28.09.2019 и 03.10.2019 на крстосница за с.Горно Врановци пријавениот, со товарно возило „сканија", во негова сопственост, вршел јавен превоз на огревно дрво без лиценца за превоз од надлежна институција.

На 02.02.2020 околу 10.15 часот пред црквата „Св.Спас", кај Градските гробишта во Велес, полициски службеници при преземање на службени дејства биле физички нападнати од четири лица. Едно од нив на полициските службеник Е.М.(46) му го одзело службениот пиштол и пукало кон него. Е.М. бил префрлен во здравствена установа во Скопје за укажување на лекарска помош. Тројца од напаѓачите се приведени во полициска станица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.02.2020 околу 04.05 часот во СВР Битола било пријавено дека во банка во близина на Клиничка болница - Битола, на ул.„Партизанска", едно лице од банкоматот одзело три касети со пари. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Битола. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.02.2020 во 12.45 часот во Полициска станица Гази Баба било пријавено дека на кеј на река Вардар во населба „Керамидница" настанал пожар при што била опожарена камп приколка, сопственост на ЈП „Паркови и зеленило". Претходно, во текот на ноќта помеѓу 31.01.2020 и 01.02.2020, непознат сторител насилно влегол во приколката и одзел алати. Пожарот е изгаснат, а увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје. Се работи на расчистување на на случајот.

На 01.02.2020 во 19.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека во билетара на ЈСП во близина на Зелен пазар на ул.„11 Октомври", едно лице со закана со пиштол се обидело да одземе пари од вработената З.Д.(60) од Скопје, но не успеало во намерата. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.02.2020 во 19.30 часот на ул.„8" во населба „Дрма" - Скопје бил лишен од слобода С.Т.(52) од населба „Дрма", поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „тешка телесна повреда". Имено, во 14.20 часот во нива на ул.„8" во населба „Дрма", С.Т. и З.Т.(28), и двајцата од истата населба, со тврд предмет и со секира го нападнале Х.П.(60) од с.Долно Коњари, нанесувајќи му тешки телесни повреди. Х.П. бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.02.2020 во 00.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во с.Бадар, скопско, во куќа во сопственост на М.К.(81), со употреба на сила влегле четири лица и извршиле пребарување во куќата, но не одзеле ништо. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.02.2020 во 01.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Поликлиника „Ченто", Г.Ѓ.(39) и А.Ѓ.(34) од с.Идризово, скопско, го донеле починато нивното бебе, родено на 11.01.2020 година. Од дежурен лекар во Поликлиниката е констатирана смрт. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото е предадено на обдукција.

На 01.02.2020 во 13.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на паркинг на Средно Водно настанал пожар во патничко возило „пежо 308", со скопски регистарски ознаки, управувано од М.З.С.(29) од Скопје. Според пријавеното, М.З.С., додека била во движење со возилото, забележала чад од хаубата, по што застанала на паркингот. Пожарот е изгаснат од присутните. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје.

На 01.02.2020 во 17.30 часот во СВР Скопје, Џ.Т.(35) од Скопје, пријавил дека околу 17.20 часот пред бензинска пумпа на ул.„Јадранска магистрала", додека бил во неговото патничко возило „мини купер", со скопски регистарски ознаки, бил физички нападнат од едно лице, поради претходна вербална расправија околу сообраќајот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.01.2020 во 22.20 часот во СВР Скопје, С.Б.(40) од Скопје пријавил дека во 22.10 часот, во двор од куќа на ул.„Гарсија Лорка" во Скопје, бил физички нападнат од Р.Н. и Р.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.02.2020 во 21.20 часот во СВР Скопје, Д.Л.(47) од Скопје, пријавил дека околу 19.40 часот, пред црква „Св.Атанасиј" на ул.„519", во населба „Керамидница" – Скопје, поради меѓусебно нетрпение, бил физички нападнат од Џ.А. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.02.2020 во 22.30 часот во СВР Куманово, Т.Т.(63) од Куманово пријавила дека нејзиниот син Т.Т.(38) се оддалечил од својот дом. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 01.02.2020 во 17.00 часот во Полициска станица Прилеп, С.В.(67) од Прилеп пријавил дека на паркинг просторот пред маркет во Прилеп, по претходна расправија, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.02.2020 во 20.30 часот во СВР Струмица, В.К.(22) од с.Куклиш пријавил дека во 19.30 часот во с.Куклиш бил физички нападнат од П.П. од истото село. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 02.02.2020 во 08.50 часот, во Полициско одделение Нов Дојран, Н.А.(44) од с.Николиќ пријавила дека на 15.01.2020, додека била на своето работно место во маркет во Стар Дојран, била физички нападната од Г.Ч. од Нов Дојран, по што пријавениот продолжил секојдневно да ја навредува и да ѝ упатува закани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.02.2020 во 14.00 часот во СВР Велес, С.Ѓ.(64) од Кавадарци пријавила дека во семејната куќа на ул.„Страшо Пинџур" во Кавадарци, нејзиниот син Н.Ѓ.(22) од Кавадраци паднал, по што била повикана Итна медицинска помош од Општата болница Кавадарци и од страна на лекар е констатирана смрт, без траги на насилство. Увид на местото на настанот извршиле увидна екипа од Полициска станица Кавадарци и Јавен обвинител, по чија наредба телото е предадено на обдукција.

На 01.02.2020 на ул.„Црнотравска" во Тетово од полициски ссужбеници од СВР Тетово бил лишен од слобода Љ.Б.(59) од Тетово, поради постоење основи на сомнение дека сторил кривично дело „загрозување на сигурноста". На 01.02.2020 во 17.20 часот во СВР Тетово, неговата сопруга и нивниот син, и двајцата од Тетово, пријавиле семејно насилство од страна на Љ.Б. Според пријавеното, тој околу 15.15 часот дошол во семејниот дом во алкохолизирана состојба и физички ја нападнал сопругата, по што синот, во обид да го спречи својот татко, бил нападнат од Љ.Б. со секира. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.02.2020 во 18.40 часот во Полициско одделение Галате, Е.Е.(46) од с.Ломница пријавил дека околу 15.00 часот во двор од неговата куќа во с.Ломница со тврд предмет бил физички нападнат од С.Ф. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 01.02.2020 во 14.40 часот во СВР Тетово, З.М.(39) од с.Брвеница пријавил дека на влезот на с.Брвеница настанал пожар. Пожарот е изгаснат од Противпожарната единица од Тетово, а увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Тетово.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет